**Центарот за современи уметности (ЦСУ) – Скопје објавува**

# ПОВИК

за поддршка на Локални иницијативи кои ќе се реализираат во првата половина на 2026 година, наменети за заедници низ цела Р.С Македонија, со посебен акцент на села и населени места помали од 15.000 жители.

Повикот е отворен за: Неформални групи, Месни заедници, Невладини организации, Локални уметници, Граѓански иницијативи (активни и неактивни), Формални и неформални локални друштва

Под поимот локални иницијативи се подразбираат културни, развојни и проблемски ориентирани иницијативи од било кој дел на Северна Македонија кои имаат за цел да го охрабрат граѓанското учество, самоорганизацијата и креирање различни настани, акции или програми на ниво на заедници. Локалните иницијативи треба да придонесат за внатрешен развој, препознавање и презентирање на потенцијалите на заедниците и едновремено да ги охрабрат и поттикнат граѓаните да работат на унапредувањето на заедницата, нејзината видливост, препознатливост, можности за развој на културата и граѓанско учество на локално ниво.

**Што се поддржува?**

Културни, развојни и проблемски ориентирани иницијативи кои:

- го поттикнуваат граѓанското учество и самоорганизацијата,
- создаваат локални настани, акции или програми,
- ги препознаваат и активираат потенцијалите на заедниците,
- придонесуваат кон видливост, препознатливост и одржлив локален развој.

Избраните иницијативи мора да бидат целосно реализирани **најдоцна до август 2026 година**.

**Финансиска поддршка:** ЦСУ – Скопје, финасиски ќе поддржи најмалку 2 (две) локални иницијативи, со износ до 50.000 денари по иницијатива.
ЦСУ обезбедува логистичка, стручна и техничка поддршка и ги покрива трошоците за реализација.
Подносителите се охрабруваат да обезбедат дополнителни материјални и нематеријални средства и од други извори .
**Рок за аплицирање: 28.02.2026**. Пријавата е достапн на: **www.cac.org.mk,** целосно пополнета пријава испратете ја на маил: **scca@scca.org.mk**

За повеќе информации: scca@scca.org.mk, nikola@scca.org.mk, 02 3 133 541 / 070 270 064

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Culture for Development project implemented by:
HEARTEFACT

Оваа активност е поддржана во рамки на проектот „Култура за развој“ на Владата на Швајцарија, кој се имплементира од Хартефакт Фонд. Содржината на овој повик е одговорност на Центарот за современи уметности – Скопје и не мора нужно да ги одразува ставовите на Владата на Швајцарија и Хартефакт Фонд